ADING состојка на секоја градба

# СУПЕРФЛУИД 21МС ЕКО

*Суперпластификатор за бетон, изработен на поликарбоксилатна основа*
*Одговара на: EN 934-2:Т11.1 и Т11.2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Суперпластификатор наменет за производство на економични бетони со високи перформанси;
Суперфлуид 21МС ЕКО овозможува висок степен на редукција на вода во бетонот, како и производство на разливни бетони со висока класа на конзистенција;
Суперфлуид 21МС ЕКО е погоден за подготовка на бетони наменети за вградување со пумпа, бетонирање на густо армирани пресеци, бетони со високи почетни и крајни јакосни карактеристики;
Со правилна употреба на Суперфлуид 21МС ЕКО, може да се добијат бетонски мешавини со оптимален однос на цената и перформансите на бетонот.

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 18%;
- Зголемени рани и крајни јакосни карактеристики;
- Ја зголемува компактноста и водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот
- Овозможува зголемена отпорност на дејство на мраз и соли;
- Овозможува зголемена трајност на бетонот;
- Овозможува зголемена отпорност на карбонизација на бетонот;
- Овозможува зголемена отпорност на атмосферски влијанија;
- Овозможува олеснето вградување на бетонот

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Светло жолта течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.06±0.02) g/cm³ |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 4-6 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤2,0% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Дозирањето на Суперфлуид 21МС ЕКО изнесува од 0,6 до 1,5% од масата на цементот во бетонската мешавина. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода од 10% до 18%.
Оптималното дозирање на Суперфлуид 21МС ЕКО најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.
Во случај кога се работи во услови на зголемени амбиентални температури и продолжен транспорт на бетонот свежиот бетон при производството треба да се подготви со повисока класа на конзистенција S4 или S5. При вообичаени температурни улови (до 25ºC), бетонот приготвен со Суперфлуид 21МС ЕКО може да се транспортира и вградува со пумпа во период до 90 минути.
При зголемени амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 90 минути, во бетонската мешавина покрај Суперфлуид 21МС ЕКО, препорачливо е да се дозира адитив за успорување на врзувањето на бетонот – Успорувач Д2, со дозирање кое зависи од конкретните услови.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога Суперфлуид 21МС ЕКО се додава заедно со последните 20-30% од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80% од вода во бетонот. Препорачано времетраење на мешањето на свежиот бетон со додаток на Суперфлуид 21МС ЕКО не треба да трае пократко од 90 секунди.

**Ефекти од предозирање**: Превисоко дозирање на Суперфлуид 21МС ЕКО може да предизвика сегрегација на бетонот

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Суперфлуид 21МС ЕКО е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на Адинг од групата на забрзувачи и успорувачи на врзувањето, адитиви за зимско бетонирање, адитиви за водонепропусност, аеранти, итн. Доколку во бетонската мешавина се користат истовремено два или повеќе адитива, потребно е да се извршат претходни испитувања. Различните адитиви во бетонот се дозираат одделно (не се мешаат меѓу себе пред да се дозираат во бетонската мешавина). Суперфлуид 21МС ЕКО е компатибилен со сите видови на цемент (вклучително и сулфато-отпорни цементи). Суперфлуид 21МС ЕКО не е компатибилен и не треба да се користи во комбинација со адитивите кои содржат полинафтален сулфонат, како што се Флуидинг, Суперфлуид, Суперфлуид М1, Суперфлуид М1М, Суперфлуид Т, Хидрофоб флуид и Хидофоб Т.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување, заштитен од директна изложеност на сонце, на температура од +5°C до +35°C. Рок на употреба 12 месеци.


ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
17

GABF002/5

EN 934-2:2009+A1:2012

**СУПЕРФЛУИД 21МС ЕКО**
Адитив за бетон, суперпластификатор/успорувач
EN 934-2:T11.1&11.2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 2,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

Опасност по здравјето: Суперфлуид 21МС ЕКО не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Суперфлуид 21МС ЕКО е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Остатоци од Суперфлуид 21МС ЕКО се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk